2. Во трудот **„Постапки и инструменти за собирање на податоци – Тестирање и тестови на знаења" се говори за примената на мноштво постапки и инструменти за собирање на податоци. Поконкретно се говори за примената на техниката тестирање како и нејзините инструменти различните видови на тестови. Авторот во трудот го истакнува значењето, метриските карактеристики на овие инструменти, етапите низ кои поминува нивната изработка, начинот на обработка на податоците кои ќе се добијат со примената на оваа техника.**
3. Самиот наслов на трудот **„What worth is fighting to do to improve school educational role?"** упатува на интенцијата на авторите за одгатнување на улогата и значењето кое го имаат наставниците, родителите, директорите, учениците, сите засегнати страни во унапредување на работата на училиштето. Применувајќи ја техниката анализа на документацијата, проучувајќи разновидни искуства, авторот предлага низа на активности што треба да ги преземат засегнатите страни за подобрување на работата во училиштето.
4. Во трудот **„Teacher's professional development and Bologna process"** се презентирани идеи за разрешување на прашањето за професионален развој на наставникот во

согласност со Болоњскиот процес, како и во согласност со современите трендови во градење на организациски политики за образование на наставници.

5. Во трудот **„Модели на професионален развој на наставникот“ се елаборирани различни модели на професионален развој на наставникот, како резултат на анализа на постојните модели на европско тло, како и истакната потребата од креирање на модел на професионален развој, во согласност со компетенциите на современиот наставник на 21 век.**
6. Во трудот „Која е улогата на наставниците во едукацијата на надарените и талентираните ученици?“, се презентирани и елаборирани прашања поврзани со улогата на наставниците во образованието на надарените и талентираните. Авторот се обидел да одговори на неколку прашања, кои се однесуваат на дефинирање на поимот надарени и талентирани деца, ученици улогата на наставниците во едукацијата на надарените и талентираните, неопходните квалификации на наставвникот за работа со надарени ученици. Презентирани се и резултати од реализирано истражување, со кои се истакнува потребата од постојана едукација на наставниот кадар за работа со надарените и талентирани деца, ученици, студенти како и обезбедување на соодветна материјално -техничка поддршка.
7. Во трудот „**How to strength teacher's abilities for permanently using ICT in the teaching process?“** е истакната важноста и потребата од постојан професионален развој на наставникот, посебно неговата оспособеност за примена на информатичката технологија. Презентирани се резултати од реализирано истражување во Р. Македонија, за оспособеноста на наставникот за примена на компјутерската технологија во работата со децата во различни средни училишта (гимназија, средни стручни училишта) и она што мора да се направи на планот на јакнење на нивните способности за трајно користење на ИКТ во наставниот процес во смисла вид на обуки кои им се потребни, неопходни за нивната практична работа, особено кога сите основни и средни училишта имаат нов хардвер од проектот „Компјутер за секое дете”.
8. Авторите на трудот **„Integrisanje IKT u nastavnom procesu“,** ја истакнуваат потребата од користење и интегрирање на графичките програми, како начин за реализација на наставните содржини од предметите од прво до четврто одделение во основното училиште. Претставени се и резултати од истражување кои се однесуваат на наставното искуство и практичното функционирање од примената на ИКТ, посебно примената на графичката програма Paint во предметот запознавање на околината.
9. Интеграцијата на ИКТ во наставниот процес бара специфични способности од наставникот, негова умешност. Авторот на трудот **„Nastavnici u osnovnoj skoli i njihove sposobnosti za primenu IKT“,** во таа насока преку поставување на прашања: Дали стекнатите знаење од иницијалното обраование за примена на ИКТ се доволни за нејзина имплементација во наставниот процес? Што треба мора да се направи за зајакнување на нивните способности за нејзината имплементација? Кои се предлозите на наставниците за подобрување на овој процес во училиштата?, како и преку резултатите од реализираното истражување, се обидува да пронајде решенија во насока на подобра оспособеност на наставничкиот кадар за успешна примена на ИКТ во наставниот процес.
10. Авторот на трудот **„Teachers in primary schools and their abilities for using ICT in the teaching process“** ги истакнува способностите кои ги поседува, треба да ги поседува наставникот во основното училиште за да може успешно да ја применува информатиката технологија во реализација на содржини од различни наставни предмети, подрачја.
11. Во трудот **„New strategies and methods in the initial mathematics education“** се истакнува значењето и улогата на почетното математичко образование, како база за влез во светот на современата и модерна математика, „математика без солзи“. Презентирани се нови стратегии и методи на работа кои наоѓаат примена во математичката едукација на децата од предучилишна и основношколска возраст.
12. Инклузивното образование, оспособеноста на воспитувачите за реализација на инклузивна едукација во детските установи, компетенциите кои им се неопходни,

се предмет на елаборација на овој труд. Авторот во трудот **„Preschool teacher and their role in inclusive education“** прави јасна дистинкција помеѓу инклузивното и интегративното образование, ги истакнува професионалните компетенции кои секој воспитувач треба да ги поседува, посебно компетенциите кои се неопходни за работа со деца со посебни потреби, презентира резултати од истражување во насока на јакнење на капацитетите на воспитувачите за работа со децата со посебни потреби.

13. Во трудот „Позицијата и улогата на наставникот во современиот воспитно-образовен процес“ се елаборирани различните улоги кои може да ги има наставникот во современиот воспитно-образовен процес: насочувач, раководител, насочувач, помагач, соработник......
14. Во трудот **„Акционите истражувања и нивната примена во педагошката практика“** авторот ги истакнува значењето, потребата, карактеристиките, улогата на акционите, дејствените истражувања кои последните децении се сѐ поприсутни, особено при иновирањето, унапредувањето на воспитно-образовната практика.
15. Современите образовни трендови, истакнатата потреба од вклучување на децата со посебни образовни потреби во задолжителниот воспитно-образовен систем, промените во традиционалната поставеност на образовниот систем, проучувањето на инклузивна практика и искуства во насока на промовирање на нови стратегии на учење во согласност со хуманистичките, холистички теории, подобрување на социо-емоционална средина за учење и достигнувањата на децата со посебни образовни потреби се предмет на проучување на овој труд со наслов **„Practical strategies for improving the learning and the program for the students with special needs in the primary school“.**
16. Во трудот **„The need of continuous professional teacher development“,** се презентирани теоретските расправи во врска со проблемот професионален развој на наставникот, посебно во Република Македонија. Презентирани се резултати од истражување спроведено во Република Македонија, во кои е истакната постојната, курентна состојба, како и третманот на професионалниот развој на наставниците, како и предлози за негово унапредување.
17. Во трудот **„Educator and his capacity for implementation the initial mathematical education“,** авторот говори за иницијалното образование на воспитувачкиот кадар, поконкретно за неговите компетенции за успешна реализација на почетното математичко образование.
18. Терминолошката определба, потребата од изготвување на проекти, видовите на проекти, нивните карактеристики, се предмет на елаборација во трудот **„Зошто ни е важно и значајно изготвувањето на проекти за научноистражувачка работа?“.**
19. Информатичката технологија, нејзината примена во предучилишната установа, проблемите и дилеми на кои се наидува при нејзината примена се предмет на трудот со наслов **„Information technology and its application in preschool institution“.**
20. Квалитетното училиште промовира лепеза на лични, професионални, етички и хумани квалитети на диекторот. Директорот на училиштето мора посебно внимание да обрати токму на овие вештини. Во таа насока авторот на трудот **„Директорот парадигма на професионална етика“** бара и пронаоѓа одговори на следните прашања: кои се барањата кои се на директорот му се поставуваат од наставниците, родителите, локалната заедница, општеството воопшто? колку постојните модели на лидерство се фокусирани на хуманата димензија во образованието? кои се посакуваните квалитети од лидерите во нашето училиште? Што се презема за унапредување во оваа област?
21. Кои се карактеристиките на современото училиште? Што им нуди на учениците? Колку и како е промовирано како средина за учење и развој? се прашањата кои наоѓаат своја елаборација во трудот **„Училиштето-креативно стимулативна средина за учење и развој“.**
22. Еколошката едукација на децата/учениците во основните училишта, нејзината потреба и значење се елаборирани во трудот **„Why environmental education?“.**
23. Различните улоги на наставникот, посебно неговата улога во промовирање, примена на активности со кои се придоенсува за јакнење на физичкото и психичко здравје

на учениците се елаборирани во трудот **„Educator and his role in strengthening the physical and spiritual health of the preschool child“.**

24. Животот и дејноста на овој истакнат педагог Јосиф Ковачев, посебно неговата позната „звучна метода“ и колку и што од неа денес се применува во реализација на наставата по македонски јазик во денешното основно училиште се предмет на елаборација на трудот со наслов **„Некои согледувања за „звучната метода“ на Јосиф Ковачев“.**
25. Во трудот **„Наставни стратегии“** се презентирани бројни динамички стратегии чија цел е подготвување и оспособување на субјектите за самостојно учење, самопоучување, постојана едукација, творештво и активна интерперсонална комуникација меѓу субјективните фактори - наставникот-ученикот и помеѓу самите ученици.
26. Во трудот **„Професионалната етика на наставникот“** се презентирани способности и компетенциите на современиот наставник, кои всушност претставуваат серија од професионални, етички, човечки квалитети што се интегрираат во професијата наставник. Даден е одговор на неколку прашања кои се однесуваат на суштинските карактеристики на наставникот како модел на етичко однесување во наставниот процес.
27. Во трудот **„Instruments and type of instruments that are used for evaluating in the teaching of natural scientific area“**, се бара одговор на прашањата поврзани со ефективната евалуација, посебно прашања кои се однесуваат на техниките и инструментите кои ги применуваат наставниците за евалуација на учениковите постигања.
28. Примената на ИКТ во наставата и нејзината улога во унапредување на учениковото учење е предмет на трудот **„Aplication of IT in teaching and effective learning in primary education“.**
29. Во трудот со наслов **„Family school participation“,** е истакната потребата од семејно училишна партиципација и потребата од развој на различни модели за поддршка во насока на подобрување на работата на училиштето, курикулумите, градење на заеднички проекти, работилници, разрешување на проблемски ситуации, во насока на успех и развој на учениците.
30. Анализата на компетенциите на современиот наставник, посебно на компетенциите кои се клучни за доживотното учење се предмет на елаборација трудот **„Contemporary teacher and core competences for lifelong learning“.**
31. Формалното и неформалното образование на наставниот кадар, постојните модели на неформално образование, улогата на компјутерско-информатичката технологија во неформалното образование се предмет на елаборација на трудот „Computer information technology in the function of permanent high quality informal education of the teachers“.
32. Анализата на комптенциите на наставникот низ курикулумите за едукација на наставен кадар во повеќе Европски земји, искуствата во градење на курикулумите, активностите кои се преземаат за нивно унапредување се предмет на интерес на авторот во трудот со наслов **„Initial teacher education and their competences“.**
33. Како децата од предучилишна возраст учат математика, како се применува ИТ во предучилишната установа, како децата навлегуваат во светот на науката?, Кои стратегии ги применуваат воспитувачите во насока на постигање на солидниии резултати во овие области, се прашањата на кои авторот нуди одговор во трудот **„Math, natural science and ICT at kindergarten“.**
34. Во трудот **„Preschool, teacher – their abilities for researching their own practice“,** се претставени резултати од спроведено истражување во Р. Македонија кои се однесуваат на оспоосбеноста на наставниот кадар за истражувања во сопствената пракса, како и дадени се предлози и насоки за јакнење на наставничките капацитети за унапредување на сопствената пракса.
35. Авторите во трудот „Како да се биде добар наставник-истражувач?“ презентираат низа на предлози во насока на јакнење на оваа компетенција на наставниот кадар.
36. Во трудот **„Teacher, violent behavior in primary school and possible preventive strategies“** е елабориран проблемот со насилно однесување во училиштата, улогата на наставникот во превенирање на насилното однесување, можните превентивни стратегии, посебно во основните училишта во Р. Македонија.

37. Во трудот **„Initial teacher education, professional development and competence of preschool educators-the conditions and challenges“** се презентирани резултати од дескриптивната анализа на курикулумите за иницијално образование на воспитувачкиот кадар од различни факултети во светот и земјава; презентирани се резултати од анализата на повеќе параметри, кои се основни за градење на основнит концепт на воспитувач. Презентирани се резултати од реазлизирано истражување за потребните и неопходни компетенции на воспитувачот за успешен старт на неговата професионална кариера. Трудот е обид да се истакнат некои од аспектите и да се создадат можности за креирање на оваа структура и да се даде приидонес на планот на нивниот професионален развој
38. Во трудот **„Метод на случај“** се дава преглед на еден од релативно помладите методи за собирање на податоци-методот на случај (case study). Презентирани се податоци кои говорат за потеклото, карактеристиките, видовите на методот на случај, фазите, чекорите низ кои може да помине едно истражување со примената на овој метод, како и значењето кое го има овој метод во разбирањето и расветлувањето на појавите во нивниот природен реален контекст.

***Учество на домашни и меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и собири во изборниот период 2008-2013***

1. Прва интернационална научна конференција за талентираните и надарените креатори на прогресот (теорија и практика), во Охрид (16-17 октомври, 2009), со труд под наслов: Која е улогата на наставниците во едукацијата на надарените и талентираните ученици?
2. The 5th International Balkan Education and Science Congress, Edirne, Turkey (October, 01-03, 2009), со труд под наслов: How to strength teacher’s abilities for permanently using ICT in the teaching process?
3. 5-th International symposium Technology, informatics and education for the learning and knowledge society, Novi Sad, (19-20 June, 2009), со труд под наслов: Integration of IKT in the teaching process.
4. 5-th International symposium Technology, informatics and education for the learning and knowledge society, Novi Sad, (19-20 June, 2009), со труд под наслов: Nastavnici u osnovnoj skoli i njihove sposobnosti za primenu IKT.
5. Научна конференција во Сомбор (31.03-1.04.2009), со труд под наслов: What we must to do to strengthening teacher’s abilities for permanently using ICT in the teaching process?
6. 3rd International Conference on Advanced Systematic Research, 3rd specially focused Symposium: Curriculums of the Early and Compulsive Education, Zadar, Croatia (12-14, November, 2009), со труд под наслов: Teachers in primary schools and their abilities for using ICT in the teaching process.
7. 3rd International Conference on Advanced Systematic Research, 3rd specially focused Symposium: Curriculums of the Early and Compulsive Education, Zadar, Croatia (12-14, November, 2009), со труд под наслов: New strategies and methods in the initial mathematics education.
8. 12th International Conference, Inclusive Education in the BalkanCountries: Policy and Practice, Ohrid (25-27June 2009), со труд под наслов: Preschool teacher and their role in inclusive education.
9. WCES, Istanbul, R. Turkey (2010), со труд под наслов: Practical strategies for improving the learning and the program for the students with special needs in the primary school.
10. WCES, Istanbul, R. Turkey (2010), со труд под наслов: The need of continuous professional teacher development.
11. Science conference, Burgas (25-27.11.2009) со труд под наслов: Educator and his capacity for implementation of the initial mathematical education.
12. First autmn national conference, Varna (20-21.03. 2010), со труд под наслов: Teachers professional ethics.
13. 13-th International conference „ICT in the education of the Balkan countries“, Varna (17-19, June, 2010), со труд под наслов: Information technology and its application in preschool institution.

14. 5-ти Меѓународен научен собир „Образование за хумано општество“, Охрид: (28-29, Мај 2010), со труд под наслов: Директорот парадигма на професионална етика.
15. 5-ти Меѓународен научен собир „Образование за хумано општество“, Охрид: (28-29, Мај 2010), со труд под наслов: Училиштето-креативно стимулативна средина за учење и развој.
16. 4-th International Symposium of ecologists of Montenegro, ISEM 4, Budva (2010) со труд под наслов: Why environmental education?
17. Scientific conference, Ruse (29-30.10.2010), со труд под наслов: Educator and his role in strengthening the physical and spiritual health of the preschool child.
18. Научен симпозиум, Штип (30.10.2010) со труд под наслов: Некои согледувања за „звучната метода“ на Јосиф Ковачев.
19. 14 th International conference, Belgrade (16-8 th June 2011), со труд под наслов: Instruments and type of instruments that are used for evaluating in the teaching of natural scientific area.
20. 4th International conference for theory and practice, Budapest (9-11th June 2011), со труд под наслов: Aplication of IT in teaching and effective learning in primary education.
21. 4th International conference for theory and practice, Budapest (9-11th June 2011), со труд под наслов: Family school participation.
22. WCETR, Nicosia, Kyrenia, North Cyprus (05-9 Jul, 2011), со труд под наслов: Contemporary teacher and core competences for lifelong learning.
23. WCETR, Nicosia, Kyrenia, North Cyprus (05-9 Jul, 2011), со труд под наслов: Computer information technology in the function of permanent high quality informal education of the teachers.
24. International scientific conference of the Balkan Association of Pedagogical and Related Faculties, Ohrid (30 September – 1 October, 2011), со труд под наслов: Initial teacher education and their competences.
25. International scientific conference of the Balkan Association of Pedagogical and Related Faculties, Ohrid (30 September – 1 October, 2011), со труд под наслов: Math, natural science and ICT at kindergarten.
26. Меѓународен научен собир, „Образованието за 21 век”, Битола (2011), со труд под наслов: Како да се биде добар наставник-истражувач?
27. International university conference, 130 years preschool education in Bulgaria, Veliko Trnovo (18-19 May 2012), со труд под наслов: Preschool, teacher – their abilities for researching their own practice.
28. International conference “Education across borders” at the Faculty of Education in Florina (5-7 October, 2012), со труд под наслов: Teacher, violent behavior in primary school and possible preventive strategies.
29. International conference “Education across borders” at the Faculty of Education in Florina (5-7 October, 2012), со труд под наслов: Initial teacher education, professional development and competence of preschool educators-the conditions and challenges.
30. Rountable, Vienna, 6.9.2012
31. Научен собир, Штип (31.1.2013), Предучилишното воспитание и образование-состојби, предизвици и перспективи.
32. Македонски конгрес за историја на медицината, Скопје (19.4.2013), со труд под наслов: Здравствено воспитание.

***Стручно-апликативна дејност***

Доцент д-р Снежана Ј. Митковска својот професионален ангажман го пројавува и преку учество (обучувач, модератор на работилници, учесник во работилници) во реализација на проектни активности значајни за унапредување на квалитетот на образованието на наставници и пошироко: 1999-2003, Вавилон, АСТИБО, ЧЕЗВИ; 2001, Превенција на малолетничката деликвенција, АНИ; 2002, Организација на слободното време на лица со пречки во развојот, АСТИБО; и во *изборниот период*: 2007/2008, Модернизација на образованието, Современи техники и методи на работа, АЛГОРИТАМ; 2009 - 2013, Зајакнување на капацитетите за обука на идните наставници за работа во мултиетничка

средина, ОБСЕ; 2009 – едукатор/обучувач Факултет за општествени науки-ФОН, Стратегии и техники на поучување и учење; Проект „Инклузивно образование“ (УНИЦЕФ 2011-2013); Градење на капацитетите за јазична и математичка писменост – УНИЦЕФ; „Во светот на детето“, Организација на жените на Општина Струмица; 2013 – обучувач, НВО Витраж, БРО Скопје – Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност.

Д-р Снежана Ј. Митковска учествувала во експертиза за изработка на неколку прирачници и упатства значајни за осовременување на образованието на наставници во нашата држава: 2001, „Превенција на малолетничка деликвенција“, НВО „АНИ“,СОРОС; ***2012, Прирачник за социјални вештини и одговорности на наставниците и стручни соработници во училиштето – ОБСЕ; 2012/13, Упатство за изведување на практичната настава – ОБСЕ.***

Кандидатката е рецензент на два практикуми (Практикум по основи на физичко воспитание со методика за предучилишно воспитување од проф. д-р Илија Клинчаров и асс. м-р Билјана Попеска; Практикум по основи на физичко воспитание со методика за одделенска настава од проф. д-р Илија Клинчаров и асс. м-р Билјана Попеска) и еден универзитетски учебник (Училишна педагогија и училишна организација (одбрани поглавја), од проф. д-р Соња Петровска..

***Организационо-развојна дејност***

Покрај обемниот ангажман во наставната, научноистражувачката и апликативната дејност д-р Јованова - Митковска работи и во областа на академското промовирање на Педагошкиот факултет давајќи исклучителен придонес во неговите развојни текови. Таа е член на: Уредувачкиот одбор на *Годишниот зборник* на Педагошкиот факултет, 2006/2007 и на Уредувачкиот одбор на списанието *Воспитание, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;* Комисијата за изменување на студиски програми за прв циклус додипломски студии за одделите одделенска настава и предучилишно воспитување (2008); Комисијата за ревидирање на студиските програми на Педагошкиот факултет во Штип (2008); Комисијата за изготвување на Елаборат за организирање на трет циклус на академски универзитетски студии (2008); Комисија за упис на студенти за универзитетски академски студии од втор циклус (2009); Комисија за изработка на Елаборат-студиски програми за Социјална педагогија и библиотекарство и архивистика за прв циклус на академски универзитетски студии (2009); член на комисија за разгледување на документација по конкурси за избор во звања; Комисија за потврда на веродостојноста на презентираните податоци од наставниците за ФРВ (2012); Комисија за подготовка на Елаборат за педагошка доквалификација-МОН „ (2013)

Од 2011 година доцент д-р Снежана Ј. Митковска е избрана за продекан на Факултетот за образовни науки.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 136 од Законот за високото образование на РМ и член 9 став 3 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип („Универзитетски гласник" број 26-2013), по деталното разгледување на доставената документација од кандидатите: д-р Нела Радевска и д-р Снежана Јованова-Митковска, Комисијата го констатира следното:

Согласно со член 9 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања, кандидатот **д-р Нела Радевска** не ги исполнува следните критериуми за избор во вонреден професор: доцент со научен степен доктор на науки од научната област во која се избира; учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати; придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници: покажало способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност; најмалку една рецензирана скрипта и практикум со вежби по предметот за кој се избира од соодветната научна област, додека **доцент д-р Снежана Јованова-Митковска** значително го надминува вкупниот збир на предвидениот квантум за избор во *вонреден професор*.

Анализата на приложената документација и нашето лично познавање на доцент д-р Снежана Ј. Митковска покажува дека станува збор за креативен и одговорен наставник, за посветен и методолошки коректен научен работник и за извонреден соработник кој се грижи не само за личниот професионален развој туку и за градењето на капацитетите на институцијата во која работи.

Нејзиниот научноистражувачки опус, ангажманот во наставата и континуираното професионално усовршување заначајно придонесуваат во градење и промовирање на педагошката наука и образованието на наставници.

Врз основа на остварените значајни резултати во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), стручно-апликативната и организациско-развојната дејност (САОР) Комисијата има особена чест и задоволство да му препорача на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Снежана Јованова-Митковска да ја избере во наставник со звање *вонреден професор за наставно-научната област методика и образование на наставници*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Соња Петровска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Весна Макашевска – член, с.р,**
**Проф. д-р Кирил Цацков – член, с.р.**

| Табела на активности на доц. д-р Снежана Јованова-Митковска во изборниот период 2008-2013 година кои се бодираат при изборот во звање вонреден професор | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Наставно - образовна дејност** | **Поени** | | |
| | | **во земјава** | **во странство** | Вкупно |
| 1. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** Методика на наставата по природа и наставата по општество, Одлука бр. 2102-472/13 од 19.12.2012, е-библиотека | 15 | / | 15 |
| 2. | **Позитивно рецензирана скрипта** Методологија на педагошко истражување со статистика-скрипта, Одлука бр. 2102-154/4од 7.5.2013, Универзитетски билтен 100/2013 | 8 | / | 8 |
| 3. | **Позитивно рецензиран практикум** Методологија на педагошко истражување со статистика-практикум Одлука бр. 2102-154/5 од 7. 5.2013, Универзитетски билтен 100/2013 | 8 | / | 8 |
| 4. | **Рецензент на учебник, скрипта и сл.** 1. Практикум по основи на физичко воспитание со методика за предучилишно воспитување од проф. д-р Илија Клинчаров и асс. м-р Билјана Попеска 2102-50/2 од 2.3.2011 | 3 x 1=3 | / | 3 |
| | 2. Практикум по основи на физичко воспитание со методика за одделенска настава од проф. д-р Илија Клинчаров и асс. м-р Билјана Попеска, Одлука бр. 2102-50/1 од 2.3.2011 | | | |
| | 3. Училишна педагогија и училишна организација (одбрани дела) од проф. д-р Соња Петровска, Одлука бр. 2102-36/55 од 25.3.2010 | | | |
| 5. | **Ментор на одбранета магистерска работа** 1. Павлина Николовска – Политиката и програмите за превенирање на ризичното однесување кај учениците (домци) во државните ученички домови 2. Оливера Топалова - Фактори и облици на насилно однесување во основните училишта и можни превентивни стратегии 3. Соња Иванова - Менаџирање со човечки ресурси во современото училиште Прилози:Одлуки | 3 x 3 =9 | / | 9 |
| 6. | **Ментор на одбранета дипломска работа (макс. 7)** | 7 x 1 = 7 | / | 7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. | **Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа**<br>Одбранети специјалистички трудови<br>1. Павлинка Стефановски – Етички кодекс на православното христијанство, Одлука бр.2102-114/46 од 09.02.2012<br>2. Кирил Павлевски – Сличности и разлики помеѓу јудеизмот, христијанството и исламот, Одлука бр.2102-101/3 од 23.01..2012<br>3. Жаклина Трајчев – Десетте Божји заповеди-основни христијански етички норми, Одлука бр.2102-101/4 од 23.01.2012<br>4. Марија Нацевска – Хиндуизмот како религиски систем, Одлука бр.2102-310/36 од 22.12.2011<br>5. Пачемска Сања – Ефекти од примената на информатичко-компјутерската технологија во наставата по математика, Факултет за информатика, Одлука бр.2002-128/4 од 07.05.2012 | 5 x 1 = 5 | / | 5 |
| 8. | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7)**<br>Прилог: Одлуки | 7 x 0,2 = 1,4 | / | 1,4 |
| 9. | **Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии)** | 40 | / | 40 |
| 10. | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии)** | 30,96 | / | 31 |
| 11. | **Одржани предавања (или консултации) на втор циклус студии по одржан курс** | 40 | / | 40 |
| 12. | **Одржани вежби на втор циклус студии** | 36 | / | 36 |
| 13. | **Рецензент на соработници и наставници**<br>Рецензент на Кирил Барбареев-Одлука бр.2102-79/35 од 24.12.2010 | 1 x 1 = 1 | - | 1 |
| | **Вкупно поени од наставно-образовна дејност** | | | **205,4** |

| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјаќа** | **во странство** | |
| 1. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)**<br>1,14,25,26,38<br>3x3x1,3=11,7<br>2x3x1=6 | 17,7 | / | 17,7 |
| 2. | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**<br>Реден број (2,5,6,13,18,20,21,24,35) во земјата и р.бр. (3, 4, 7-12, 15-17, 19, 22, 23, 27-34, 36,37) се во странство<br>Во земјата, авторски 5x1x1,3 =6,5<br>Коавторски 4x1x1 =4<br>(во странство, авторски 14x2x1,3 =36,4 коавторски 10x2x1 =20 | 10,5 | 56,4 | 66,9 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство**<br>Во земјата со реден бр. 1,8,14,15,18,24, 25, 26, 31,32 т.е. 10 x 1,5=12 и<br>Во странство, т.е.2-7,9-13,16,17,19-23, 27-30 т.е. 22x2 =44 | 15 | 44 | 59 |
| 4. | **Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал**<br>Член на меѓународниот програмски совет за Научно-стручниот собир Едукација на анставниците за иднината, Зеница 22-23.4.2010 година | | 1 x 2 = 2 | 2 |
| | **ВКУПНО: НИ** | | | **145.6** |
| | | | | |

| Ред. број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Поени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** | Вкупно |
| 1. | **Член на уредувачки одбор на стручно списание**<br>Член на Уредувачкиот одбор на списанието *Воспитание* чиј издавач е Педагошкиот факултет од Штип | 1 x 0,5= 0,5 | / | 0,5 |
| 2. | **Учесник во научен проект (максимум во три проекти)** | 3 x 5 = 15 | / | 15 |
| 3. | **Елаборати и експертизи**<br>1. 2012, Прирачник за Социјални вештини и одговорности на наставниците и стручни соработници во училиштето - ОБСЕ (прилог – сертификат-експертиза, Прирачник)<br>2. 2013, Упатство за изведување на практичната настава - ОБСЕ (прилог - сертификат)<br>3. Член на Комисија за изменување на студиски програми за прв циклус додипломски студии за одделите одделенска настава и предучилишно воспитување<br>4. Член на Комисија за изготвување на Елаборат за организирање на трет циклус на академски универзитетски студии<br>5. Член на Комисија за изработка на Елаборат-студиски програми за Социјална педагогија и библиотекарство и архивистика за прв циклус на академски универзитетски студии<br>6. Член на Комисијата за ревидирање на студиските програми на Педагошкиот факултет во Штип<br>7. Член на комисија за ревидирање на студиските програми за прв циклус студии на одделот за одделенска настава и предучилишно воспитување<br>8. Член на комисија за ревидирање на студиските програми за прв циклус студии Математика-Физика<br>9. Член на Комисија за подготовка на Елаборат за педагошка доквалификација-МОН<br>(Прилози:Одлуки) | 9 x 2 = 18 | / | 18 |
| 4. | **Продекан**<br>Одлука бр. 2102-136/12 од 26.8.2011 | 8 | | 8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | **Член на факултетски орган, комисија**<br>Член на ННС<br>Член на Комисија за упис на студенти за универзитетски академски студии од втор циклус, 2010/2011<br>Претседател на Комисија за наставни прашања<br>Претседател на конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус на универзитетски академски студии-магистерски и специјалистички стручни студии 2011/2012<br>Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус на универзитетски академски студии-магистерски и специјалистички стручни студии 2012/2013<br>Член на комисија за разгледување на документација по конкурси за избор во звања<br>Член на комисија за потврда на веродостојноста на презентираните податоци од наставниците за ФРВ<br>(Прилози-Одлуки) | 7 x 2=14 | 14 |
| | **Вкупно поени од САОР** | | **55,5** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно поени од НО+НИ+САОР** | **406,5** |

| **Ред. број** | **Наставно - образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 1. | Научнопопуларна статија во стручно-методско списание | 7 | |

**Табела на активности на д-р Нела Радевска во изборниот период 2008-2013 кои се бодираат при изборот во звање вонреден професор**

| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно- уметнички активности** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати,<br>објавени во научно списание опфатено во<br>(СЦИ/ЦА/останати)<br>Р.бр.. 1,3,4,5,11 т.е.5x3x1,3 | 19.5 | |
| 3. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 4 | |

ВКУПНО:34

| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |

| | |
|---|---|
| **Вкупно:НО+НИ+САОР** | **38,5** |